# ОТВОРЕН ПОВИК ДО ИНДИВИДУАЛНИ ЛИЦА/ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ И РАБОТИЛНИЦИ

**25.04.2024**

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ во рамки на програмата за заштита на води, реализирана преку проектите „Заштита на реките преку воспоставување на мониторинг и практики за обновување на речните живеалишта во заштитени подрачја“, „Заедно за реките“, како и „Имплементирање на планот за управување на НП Маврово“ има потреба од индивидуални лица/организации за организирање на работилници со деца и средношколци во локалните заедници.

Проектот „Заштита на реките преку воспоставување на мониторинг и практики за обновување на речните живеалишта во заштитени подрачја“, спроведуван од Еко-свест во соработка со локални граѓански организации, а поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT) има за цел да ги идентификува и документира заканите за реките во две заштитени подрачја во Северна Македонија, да развие практики за мониторинг на реките и да спроведе мерки за заштита.

Проектот „Заедно за реките“, кој е поддржан од The Nature Conservacy, има цел прогласување на заштитено подрачје во Демир Капија и обезбедување на активна заштита на дел од долното течение на реката Вардар и нејзините чисти и недопрени притоки.

Проектот „Имплементирање на планот за управување со НП Маврово“ Поддржан од Фондацијата Еуронатур има цел да обезбеди поддршка на процесот на имплементирање на планот за управување преку активности за вклучување на локалните заедници во Маврово.

Проектните активности ќе опфатат едукација на деца и средношколци за природните вредности на средината во која живеат преку повеќе активности: уметничка работилница, изложба, изработка на боенка, изработка на мурали, скулптури или други интервенции во јавни простории наменети за комуницирање на соодветни пораки со локалната заедница.

**<u>Цел и задачи на активностите</u>**

Целта на овие активности и работилници со деца и средношколци е да се едуцираат за природните вредности на средината во која што живеат и преку нив да се пренесат пораки до локалната заедница. Исто така преку нив ќе се подигне свеста на младите и поттикнување на нивното учество во напорите за зачувување на природните вредности.

**Работни задачи на избраниот кандидат:**

**1.Работилница со деца во локалните заедници**

- Да припреми методологија за одржување на работилница со децата од основно образование во локалните заедници каде Еко-свест ги спроведува своите активности, при што преку употреба на уметнички практики ќе се едуцираат децата за природните вредности на средината во која живеат и ќе се пренесат пораки до локалната заедница.
- Да припреми и обезбеди неопходни материјали за спроведување на работилницата.
- Да ја организира и одржи работилницата со деца на која преку истражување на флората и фауната низ фантазморганичен пристап и техника на уметнички колаж, цртеж, сито печат и други графички техники до децата ќе се доближат природните вредности на нивната средина.
- Да организира изложба во локалната заедница која ќе вклучува цртежи, колажи, инсталации и други изразни форми произлезени од работилницата, преку која децата ќе испратат пораки до својата локална заедница.
- Да дизајнира и продуцира боенка, сликовница или друг вид ликовен производ, базиран на материјалите создадени на работилницата, а кој ќе служи како едукативен материјал за децата од локалните заедници и ќе биде дистрибуирана во основните училишта и другите едукативни центри.
- Да обезбеди фото/видео документација на настаните и активностите и да припреми материјали за комуницирање преку социјалните медиуми на Еко-свест во соработка и одобрување од Еко-свест.

**2.Работилница со средношколци и млади во локалните заедници**

- Да припреми методологија за одржување на работилница со средношколци и млади во локалните заедници каде Еко-свест ги спроведува своите активности, наменета за подигање на свеста на младите и поттикнување на младинското учество во напорите за зачувување на природните вредности на средината во која живеат.
- Да организира работилница за средношколци и млади во локалните заедници, при што преку употреба на уметнички практики ќе се поттикне младинскиот активизам.
- Да ангажира професионални муралисти и млади уметници кои на работилницата ќе работат со младите од локаланата заедница во развивање и реализирање на идеи за мурал, скулптура и други инсталации во јавен простор.
- Да припреми и обезбеди неопходни материјали за продукција и реализација на дизајнираните интервенции во јавен простор.
- Да дизајнира и продуцира изработка на мурали, скулптури и/или други интервенции

во јавни простори наменети за комуницирање на соодветни пораки со локалната заедница.
- Да обезбеди фото/видео документација на настаните и активностите и да припреми материјали за комуницирање преку социјалните медиуми на Еко-свест во соработка и одобрување од Еко-свест.

**Временска рамка за доставување на понуда**

Периодот за доставување на Понуда е до 08.05.2024 година.

**Временска рамка за спроведување на активноста**

Периодот за спроведување на оваа активност ќе биде во тековната 2024 и 2025 година.

**Локации на спроведување на работилниците**

Демир Капија, Маврово и Шар Планина

**Потребна документација за пријавување**

Заинтересираните понудувачи треба да достават засебни понуди за секоја работилница по ставки.

1. За индивидуални лица:

   Технички дел:
- Предлог методологија за спроведување на работилницата (да се нагласи за која работилница се работи)
- Портфолио (биографија)
- Доказ за претходно исто/слично искуство, заедно со референци од истото.
- Потпишана декларација (види Анекс 1)

   Финансиски дел:
- Детална финансиска понуда по работилница по ставки (да се нагласи за која работилница се работи и да се прикаже детален преглед на трошоците)

Забелешка: Заинтересираните треба да достават понуди во македонски денари, со посебно назначен ДДВ и вкупен износ на понудата. Предложениот буџет треба да биде разложен по клучни ставки од реализацијата. Нема наложен формат за поднесување на буџет и истиот треба да биде предложен од заинтересираните кандидати.

Во предложениот буџет треба да бидат вклучени сите трошоци потребни за целосна реализација, промоција и изведба на активностите, со сите потребни трошоци за сите учесници, без дополнителни трошоци за Еко-свест.

2. За организации/правни лица*:

   Технички дел:

- Предлог методологија за спроведување на работилницата (да се нагласи за која работилница се работи)
- Портфолио на вработените во организацијата
- Потпишана изјава (види Анекс 2)
- Доказ за претходно исто/слично искуство, заедно со референци од истото.
- Тековна состојба не постара од 6 месеци

   Финаниски дел:

- Детална финансиска понуда по работилница по ставки (да се нагласи за која работилница се работи и да се прикаже детален преглед на трошоците)

Забелешка: Заинтересираните треба да достават понуди во македонски денари, со посебно назначен ДДВ и вкупен износ на понудата. Предложениот буџет треба да биде разложен по клучни ставки од реализацијата. Нема наложен формат за поднесување на буџет и истиот треба да биде предложен од заинтересираните кандидати.

Во предложениот буџет треба да бидат вклучени сите трошоци потребни за целосна реализација, промоција и изведба на активностите, со сите потребни трошоци за сите учесници, без дополнителни трошоци за Еко-свест.

*Од избраниот понудувач, освен горенаведените податоци, ќе се побара да достави дополнителна документација која вклучува тековна состојба/потврда за регистрирана дејност на добавувачот; потврда за солвентност/бонитет; завршна сметка за 2023 (за правни лица); ротврда/информација од Централен Регистар за забрана за вршење дејност и регистар за казни на правни лица; уверение за платени даноци и придонеси; декларации за доверливост и непостоење на конфликт на интереси за сите физички лица кои би биле ангажирани од страна на организацијата; биографии (CV) на консултантите/физичките лица кои би биле ангажќирани; листа на референци/портфолио за истите.

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

**<u>Критериум за избор на најсоодветна понуда</u>**

По истекот на овие 10 дена Еко-свест ќе оформи комисија која ќе биде задолжена за избор на најдобра понуда. Еко-свест ќе го контактира избраниот понудувач, не подоцна од 7 дена од истекот на периодот за доставување на понуди.

Пристигнатите понуди ќе се бодуваат согласно следните критериуми и бодови:

- Концепт на понудата и искуство на понудувачот (60 бодови)
- Финансика понуда (40 бодови)

  **Вкупно 100 бодови**

Во текот на реализацијата на активностите, Еко-свест го задржува правото да ги комбинира различните понудени ставки за соодветно спроведување на активностите согласно достапните буџети.

**Критериуми за понудувачите**

Активна организација која е формирана согласно Законите во Република Северна Македонија, и постои најмалку 5 години и најмалку 5 години работно искуство за индивидуални лица.

На повикот може да се пријават правни и физички лица кои ги исполнуваат наведените правни и технички услови. Договор ќе биде склучен со онаа организација//индивидуално лице кое освоило најголем број на бодови во однос на наведените критериуми. Комисијата за евалуација на понудите го задржува правото да го информира само понудувачот чија понуда била избрана како најсоодветна за овој повик.

**Пријавување**

Комплетната понуда кандидатите треба да ја испратат на email: maja@ekosvest.com.mk најдоцна до 08.05.2024 година до 16:00 часот, со назнака **Доставување понуда за едукативни активности и работилници**.

За сите прашања, контактирајте нѐ на maja@ekosvest.com.mk најдоцна до 01.05.2024 година. Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот најдоцна до 07.05.2024.

Доставените материјали останување во архивата на Еко-свест.

Понудите кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

## Анекс 1. Декларација за судир на интереси за индивидуални лица

### Потврда за посветеност:
### Кодекс на однесување на Еко-свест и декларација на судир на интереси

Ви благодариме што го пополнивте овој документ и го испративте до соодветното одговорно лице во Еко-свест, кое ќе го разгледа и ќе разговара со вас за сите потенцијални конфликти што може да ги декларирате. Декларирањето на судирот на интерес подолу треба да се пополни еднаш годишно, или кога ќе се појави нов идентификуван судир или на барање од Управните структури на Еко-свест.

**Потврдувам дека го прочитав, разбирам и целосно се обврзувам да го почитувам Кодексот на однесување на Еко-свест. Посебно ги признавам и се обврзувам на почитување на Политиката на Еко-свест за превенција на корупција, измама и судир на интереси, како и Упатството за укажувачи.**

**Потпишал (Име и презиме):** **Позиција/ Функција** **Датум**

---------------------------------------------- --------------------------------------------------- ---------------------

**Своерачен потпис** ---------------------------------------------------

### Декларација за непостоење судир на интереси

**__*X*___ Изјавувам дека немам никакви судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест.**

______________________ ______________________________ _________________

***Потпис*** ***Име и презиме*** ***Датум***

***ИЛИ***

**______ Изјавувам дека немам судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест, освен оние наведени подолу:**

______________________ ______________________________ _________________

***Потпис*** ***Име и презиме*** ***Датум***

| Потенцијална конфликтна „страна“ | Однос на страната со Еко-свест | Однос на вработен/консултант/член на одбор со страната (вклучува и исплати и надоместоци) | Временска рамка на односот меѓу вработениот/ консултантот/ член на Одбор и страната | Останати коментари, информации, податоци |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Анекс 2. Изјава од понудувач (за правни лица)**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот ____________________________ (име и презиме) во дункција на овластен застапник на ____________________________(име на компанија) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно

→ Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор, правното лице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обврските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лице не се предмет на постапка во врска со овие прашања илине  се во каква било аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;

→ Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда која има сила на *res judicata*;

→ Правното или физичко лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионално однесување, по било кој основ докажано како праведно обвинето;

→ Правното или физичкото лице застапоник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во било какво несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното: измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;

→ Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важечки за земјата каде треба да се спроведе договорот;

→ Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на *res judicata* за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите.

На ден __________година

Име и презиме на застапникот

Потпис и печат